**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07-12-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 5302 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Лајм" и тоа:

   - изданието бр. 3620 на дневниот весник „Лајм" за 7 декември 2018 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 7 декември 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши за да се констатира дали Друштвото за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје постапило по решението за преземање мерка – опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор беше извршен на 24.10.2018 година и со него беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум"*. Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр. 3587 на дневниот весниик „Лајм" од 22 октомври 2018 година не ги објавил податоците за името и презимето на одговорниот уредник.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - опомена бр. 03-502 од 29.10.2018 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-4633/1 од 24.10.2018 година).

6. **Констатации од надзорот:** Со контролниот надзор на изданието бр. 3620 на дневниот весник „Лајм" за 7 декември 2018 година е констатирано дека Друштвото за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје во целост постапило по решението за преземање мерка, односно го отстранило прекршувањето на член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***